Согласно член 333 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на седницата одржана на ден 25.06.2020 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### за стекнување сопствени акции со откуп

1. Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп.
2. Стекнатите акции со откуп не можат да изнесуваат повеќе од 1/10 од основната главнина на Друштвото.
3. Откупот на сопствените акции ќе се врши од средства на Друштвото.
4. Откупот на сопствени акции од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на одлуката.
5. Противвредноста која може да се плати за сопствените акции од точката 1 на оваа Одлука ќе се утврдува спрема движењето на пазарната цена на акциите на Друштвото на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност, како и во зависност од понудата и побарувачката на акциите.
6. Правата од стекнатите сопствени акции мируваат.
7. Се овластува Управниот одбор на Друштвото да донесе одлука за назначување лице, овластено во име на Друштвото, да ги презема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.
8. Минималната цена по која ќе се врши откупот на сопствените акции се утврдува на 300,00 денари за една акција, а максималната цена по која ќе се врши откуп се утврдува на 700,00 денари за една акција.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Собранието на акционери, расправајќи по шестата точка од работниот дел од Дневниот ред, а согласно член 333 став 1 од Законот за трговски друштва, донесе одлука за стекнување на сопствени акции со откуп.

ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ
Славе Трајановски с.р.